# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-6
21.05.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

**За: Државен пазарен инспекторат**

**Адреса:**

Предмет: Информација во врска со пријава од Охрид Лајв

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис доставен по електронски пат до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 18.05.2026 година, со кој ни ја препраќате пријавата што до Вас била поднесена во однос на работењето на програмскиот сервис „Balkan Music", Ве известуваме дека Агенцијата веќе постапува по предметот, во рамките на своите законски надлежности.

По претходно доставена претставка со суштински исти наводи, Агенцијата презеде активности за прибирање релевантни информации и оствари официјална комуникација со Советот за електронски медиуми на Република Бугарија, како надлежно регулаторно тело во државата во која е регистриран наведениот програмски сервис.

Од добиеното известување произлегува дека „Balkan Music" е регистриран како линеарна медиумска услуга во Република Бугарија, со локален територијален опфат ограничен на градот Благоевград. Воедно, бугарскиот регулатор ја извести Агенцијата дека во моментов спроведува проверка на работењето на давателот на медиумската услуга, вклучително и во однос на дистрибуцијата на програмскиот сервис преку операторите во Република Бугарија. По завршувањето на проверката, Агенцијата ќе биде известена за резултатите.

Агенцијата ќе продолжи да го следи предметот и, по добивањето на дополнителните информации од бугарскиот регулатор, ќе ја разгледа фактичката и правната состојба од аспект на своите надлежности утврдени со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Истовремено, укажуваме дека дел од наводите содржани во пријавата, особено оние што се однесуваат на евентуални плаќања во готовина, наплата на парични средства, даночен третман на приходите, евентуално нерегистрирано вршење економска активност или други финансиски и пазарни неправилности, не спаѓаат во надлежност на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имајќи ја предвид природата на овие наводи, сметаме дека истите треба да бидат предмет на соодветна проверка од страна на надлежните институции, согласно нивните законски овластувања.

Агенцијата останува отворена за институционална соработка и, доколку во понатамошното постапување бидат обезбедени информации релевантни за други надлежни органи, истите ќе бидат доставени согласно важечките прописи.

Со почит,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**